**Г р а д   С к о п ј е**

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за заштита на животната средина |
| **Претставник:** | Секретар на Град Скопје |
| **Повереник:** | Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина |

# Предлог – Годишна програма за Заштитен предел - Водно

Скопје, март 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 10 став 1 точка 2 од Законот за градот Скопје, а во врска со член 98 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) и член 12 од Одлуката за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V- заштитен предел („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.195/21), Советот на Град Скопје, на ______ седница, одржана на __ .__ .2023 година, донесе

# Годишна програма за Заштитен предел - Водно

- ***Вовед***

Во 1991 година Комисијата за прописи на Собранието на Град Скопје донесе Одлука за прогласување на планината Водно за Парк – шума и нејзина заштита („Службен гласник на Град Скопје“ бр.14/91) која ги опфаќа Одлука за прогласување на планината Водно за Градска парк-шума („Службен гласник на Град Скопје“ бр.28/76) , Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за прогласување на планината Водно за градска парк-шума („Службен гласник на Град Скопје“ бр.6/89), Одлука за изменување на Одлуката за прогласување на планината Водно за градска парк-шума („Службен гласник на Град Скопје“ бр.9/90) и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за прогласување на планината Водно за градска парк-шума („Службен гласник на Град Скопје“ бр.9/91).

Во 2021 година Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V – заштитен предел („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.195/21).

Годишната програма за заштита на природата во Заштитен предел - Водно е изработена врз основа на обврската која произлегува од член 98 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), како и врз основа на член 12 од Одлуката за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V- Заштитен предел („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.195/21) како и согласно член 5 од Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитени подрачја и содржината на годишните програми за заштита на природата („Службен весник“ бр. 26/19).

Целта на изработката на Годишната програма е реализација на приоритетните мерки и активностите во заштитен предел Водно до донесување на План за управување со заштитен предел Водно, а со цел зачувување на автентичната состојба на природата преку заштита на природните вредности, спречување на дејствија што можат непосредно или посредно да предизвикаат нарушување на природната рамнотежа на екосистемите, создавање поволни услови за заштита, зачувување и унапредување на биолошката и пределската разновидност и природното наследство и одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува опстанокот на видовите и нивната природна рамнотежа.

Во програмата се вклучени активности кои се планирани да бидат реализирани во соработка со ЈП Паркови и зеленило во 2023 година.

Активностите од годишната програма се групирани во 7 програми и тоа:

1. Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство
2. Програма за управување со шумски живеалишта и екосистеми
3. Програма за управување на културното наследство
4. Програма за развој на одржлив туризам и рекреација
5. Програма за локален развој
6. Програма за информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација
7. Програма за раководење, управување, финансирање и администрација

- ***Програми***

***1.Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство***

Целта на програмата е заштита, зачувување и унапредување на хидролошките, геолошките и биолошките карактеристики на подрачјето за сегашните и идните генерации како и обезбедување интегрирана заштита на основните природни вредности. За таа цел потребно е да превземат специфични акции и мерки и да се почитува законската регулатива особено делот за зонирањето на заштитеното подрачје и да се почитуваат режимите на заштита во секоја од зоните.

Следењето на мерките и активностите со кои ќе се овозможи ефикасна заштита и зачувување на природните вредности на подрачјето ќе се постигне со воспоставување на систем на мониторинг, кој подразбира континуиран мониторинг на видови кои се под закана и значајни како на локално и национално така и на глобално ниво согласно Директивата за живеалишта и Директивата за птици како и мониторинг на природните живеалишта.

Мониторингот дава можност за документирање на промените во животната средина. Животната средина постојано се менува. Некои од промените се природни, а некои се од човечко потекло (антропогени). Причините за промените не се секогаш јасни. Резултатите од мониторингот, пак можат да дадат корисни податоци за понатамошниот тек на активностите за управување.

Првиот круг на прибирање на податоци во природа се нарекува „инвентаризација“. Првата инвентаризација е основа за определување на статусот на подрачјето и планирањето на понатамошните чекори во инвентаризација. Само откако ќе се соберат, проценат и повторат податоците од првата инвентаризација, може да се добијат вистинските докази за промените во животната средина.

Инвентаризацијата е почетна точка за мониторингот и во многу случаи инвентаризацијата се прави само еднаш, со цел да се добијат основни податоци од локацијата.

Инвентаризацијата не се повторува редовно. Многу е важно да се соберат податоци од оние видови и живеалишта што влијаат врз донесувањето на одлуки. При планирањето програма за мониторинг, клучен акцент треба да се стави на видовите и живеалиштата од интерес на Заедницата. Покрај тоа, потребни се податоци од видовите од национален интерес. Исто така, потребно е да се направи инвентаризација и на веќе познатите појави на видовите врз основа на веќе постоечките податоци.

За реализација на Програмата за мониторинг, ќе се користат податоци од веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање, односно од Упатство за начинот на вршење теренска опсервација, инвентаризација и мониторинг на биодиверзитетот и живеалиштата на територијата на Република Северна Македонија и Протоколи за мониторинг на видови и живеалишта.

Како закана за заштитениот предел Водно, особено во летниот период претставуваат опасностите од појава на пожари. Неодговорното однесување на бројните посетители може да предизвика сериозни штети. За таа цел предвидено е поставување на осматрачници и видиковци со цел навремено спречување на пожари.

| **Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство<br>Планирани активности за 2023 година** | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Мониторинг на клучни видови флора,фауна и живеалишта Castanea sativa | Број на мониторирани видови и живеалишта | Град Скопје,<br>Научни институции,<br>Експерти од областа,<br>Граѓански здруженија<br>МЖСПП |
| Поставување на осматрачници и видиковци со цел навремено спречување на пожари | Поставени осматрачници и видиковци | Град Скопје,<br>ЈП Паркови и зеленило |

## ***2.Програма за управување со шумски живеалишта и екосистеми***

Целта на програмата е заштита, зачувување, унапредување и управување на шумските живеалишта и екосистеми.

Потребно е да се води посебна грижа за зачувување на здравствената состојба на шумите како и за стабилноста на шумските екосистеми, за што покрај следењето на состојбата потребно е и навремено преземање на соодветни санитарно - одгледувачки мерки и отстранување на причинителите кои можат да нанесат штета на шумските екосистеми.

Во Посебениот план за одгледување и заштита на парк-шума Водно за период 2017-2026 година кој треба да се усогласи со зонирањето на Заштитен предел Водно согласно донесената Одлука за Заштитен предел Водно, се изнесени податоци за предвидените шумско одгледувачки и заштитни работи и мерки што треба да се спроведат.

Планот предвидува воспоставување на одржливо управување со шумските живеалишта и видови со цел одржување на истите во зоните на активно управување и одржливо користење во Заштитениот предел Водно. Освен наведеното со планот е планирано пошумување на голини, интродукција - подмладување на разредени насади, заштитни мерки од пожар, мерки за хигиена на шумата, план за прихранување на дивеч преку изградба на хранилишта и солишта.

Пошумувањето опфаќа садење со садници од автохтони и неинвазивни видови погодни за терените на планината Водно кои досега покажале добри резултати и кои се одликуваат со добра адаптибилност на условите на Водно.

Интродукцијата и подмладувањето вклучува внесување на нови видови по пат на засадување во постојаните насади кои се значително разредени.

| Програма за управување со шумски живеалишта и екосистеми<br>Планирани активности за 2023 година | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Усогласување на Посебен план за одгледување и заштита на Парк-шума Водно за период 2017-2026 година со зонирање на Заштитен предел Водно | Усогласен План | Град Скопје, МЗШВ, ЈП Паркови и зеленило |
| Пошумување на голини со автохтони видови | Број на засадени садници | Град Скопје преку ЈП Паркови и зеленило, МЖСПП, МЗШВ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем” |
| Интродукција-подмладување на разредени насади | Број на засадени садници | Град Скопје преку ЈП Паркови и зеленило, МЖСПП, МЗШВ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем” |
| Изградба на хранилишта за диви животни | Број на хранилишта | Град Скопје преку ЈП Паркови и зеленило |

## ***3.Програма за управување на културното наследство***

Целта на програмата е да се обезбеди заштита на културното наследство, односно да се превземат мерки и активности со кои би се спречила деградацијата на културното наследство.

Потребно е да се обезбеди постојана и координирана соработка со институциите надлежни за заштита на културното наследство. А од особено значење е и

промовирање на наследството преку изготвување на информативни материјали и поставување на информативни табли како и одржување на промотивни настани.

Најзначајни објекти од културно наследство во Заштитениот предел Водно се манастирот Св.Пантелејмон , црква Св.Атанасие во село Шишево, локалитетот Маркови Кули како и археолошките локалитети Градиште (во атарите на селата Барово, Грчец, Горо Нерези) и Круша.

Археолошкиот локалитет Маркови Кули се наоѓа југоисточно од центарот на Скопје на местото наречено ”Марково Крувче„ на околу 570 метри надморска висина. Оваа голема и невообичаено силна тврдина, изградена во првата половина на 6 век, со ѕидови широки 1,8 до 2,55 метри, кои биле зајакнати со вкупно 35 кули, е најсилната тврдина во Македонија и пошироко, а исто така служела како главна заштита за сеуште неоткриениот град Јустинијана Прима, кој што лежи некаде под денешното наше Скопје. Кон крајот на 6 век оваа тврдина била напуштена, а во средниот век, најверојатно во 10 век повторно обновена, но само во делот на акрополата и продолжува да егзистира се до доцниот среден век.

Манастирот „Св. Пантелејмон“, е лоциран во селото Горно Нерези. Се претпоставува дека црквата е подигната на старо римско култно место, на кое подоцна бил изграден ранохристијански храм. Според натписот на мермерниот надвратник на главната врата, манастирот е подигнат во 1164 година и е задужбина на Алексеј Комнен. Граден е од кршен камен, тули и малтер, како материјал добиен од непосредната околина. Големото мајсторство на мајсторите градители, како и на зографите, го прават овој објект особено впечатлив. Фреско-сликарството на ѕидовите на црквата е едно од најзначајните сликарски остварувања на средновековната уметност. Како врвни достигнувања на нерешките зографи се композицијата „Оплакување Христово“ и „Симнувањето од крстот“.

| Програма за управување на културното наследство<br>Планирани активности за 2023 година | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Изготвување на информативни материјали и поставување на информативни табли | Поставени информативни табли | Град Скопје, ЈП Паркови и зеленило, Граѓански здруженија |
| Спроведување мониторинг на состојбата за постоечкото културно наследство | Спроведено истражување/ резултати од истражување | Град Скопје, Управа за заштита на културното наследство, НУ Конзерваторски центар |
| Организирање на промотивни настани | Организирани настани | Град Скопје, Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, Граѓански здруженија |

***4.Програма за развој на одржлив туризам и рекреација***

Целта на програмата е да се поддржи еколошкиот одржлив туризам во функција на локален економски развој како и развојот на рекреативниот туризам.

Богатството со природни вредности од една страна како и се поголемата потреба на луѓето од урбаните средини за престој и рекреација во чисти природни средини од друга страна, претставуваат основа за развојот на рекреативниот туризам во заштитеното подрачје.

Развојот на рекреативниот туризам ќе се реализира преку обезбедување на поуреден и подостапен простор за посетителите односно поставување на нова урбана опрема - мали и големи видиковци, детски реквизити, клупи и маси, справи за вежбање, лулашки, детски куќички, корпи за отпадоци како и реконструкција на веќе пстоечката опрема.

Обележување и уредување на пешачките, планинарски и велосипедски патеки поставување на патокази. Маркација на постоечки планинарски патеки и изработка на мапа со тежина на рути и маркација со GPS. Посебно внимание треба да се посвети на патеките од Водно кон Матка заради релативно лошиот терен. Целта на ова обележување е да се зголеми безбедноста на посетителите.

Особено важно е да се создадат услови за безбеден престој, спорт и рекреација при што предвидено е соработка со Црвен крст на Град Скопје и ангажирање на членови за функционирање на спасителната станица.

| Програма за развој на одржлив туризам и рекреација<br>Планирани активности за 2023 година | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Поставување на нова урбана опрема | Поставена опрема | Град Скопје,<br>ЈП Паркови и зеленило |
| Реконструкција на веќе поставената опрема | Реконструирана опрема | Град Скопје,<br>ЈП Паркови и зеленило |
| Обележување и уредување на пешачките, планинарските и велосипедските патеки | Обележани патеки | Град Скопје,<br>ЈП Паркови и зеленило |
| Маркација на постоечки планинарски патеки и изработка на мапа со тежина на рути и маркација со GPS | Маркирани патеки | Град Скопје,<br>Федерација за планинарство на Северна Македонија,<br>Граѓански здруженија |
| Создавање безбедни услови за престој на посетителите | Потпишан договор за создавање безбедни услови | Град Скопје, Црвен крст на Град Скопје |

***5.Програма за локален развој***

Програмата за Локален развој има за цел да ја поттикне соработката со локалните заедници, да изгради меѓусебен однос полн со доверба притоа ставајќи акцент на одржување на традиционалните стопански дејности.

Во границите на Заштитен предел Водно има три населби, но бројот на засегнати населби,односно населби во непосредна близина изнесува дванаесет.

Населбите во Паркот треба да се одржат како витални и просперитетни места, каде квалитетот на животот е висок во секој поглед (економски, општествено и еколошки).

Локалните заедници треба силно да се залагаат  за ограничување и контрола на понатамошната урбанизација. Контролата на урбанизацијата и грижата за постигнување и одржување на автентичен изглед на населбите треба да се во функција на развој на туризмот . Идентитетот на населбите треба да се заснова на негување на локалните традиции (храна, обичаи), како и на традиционалната архитектура во населбите кои не претрпеле големи промени

Најголем дел од земјиштето во заштитениот предел е под шуми, додека мал дел се користи за земјоделски активности. Развојот на земјоделието е со многу ограничени можности поради релјефните ограничувања на теренот.

Поради утврдениот режим на заштита развојот на екстензивното сточарство е ограничено, а шумарството како стопанска гранка не е застапено .

| Програма за локален развој | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Изготвување на техничка документација за определување на границите на ерозивни подрачја и подрачја загрозени од ерозија во границите на Заштитен предел Водно, со специфицирање на мерки и активности за заштита | Изготвена Техничка документација | Град Скопје,<br>Експерти од областа<br>Научни институции |
| Изработка на информативен материјал за Забрана за користерње на пластика за еднократна употреба | Изработен информативен материјал | Град Скопје |

***6.Програма за информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација***

Целта на програмата е да се подигне свеста кај локалното население, посетителите и засегнатите страни за значењето на заштитен предел Водно.

Активностите од оваа програма се во насока на употреба на сите механизми за информирање и зголемување на свеста на луѓето за вредноста и значењето на заштитен предел Водно. Преку еколошка едукација и одржување на манифестации и настани за промовирање на природното и културно наследство на заштитен предел Водно, посетителите на заштитеното подрачје ќе можат подобро да се запознаат со природните вредности на подрачјето и потребата за негова заштита и зачувување. Потребно е да се посвети внимание на најмладите генераци преку организирање на настава во природа.

| **Програма за информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација<br>Планирани активности за 2023 година** | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Изготвување на информативни материјали и поставување на информативни табли | Поставени информативни табли | Град Скопје,<br>ЈП Паркови и зеленило,<br>Граѓански организации,<br>Министерство за култура,<br>Управа за заштита на културно наследство,<br>Граѓански организации |
| Еколошки едукации | Број на спроведени едукации | Град Скопје,<br>ЈП Паркови и зеленило,<br>Граѓански здруженија |
| Настава во природа | Број на организирани настави во природа | Град Скопје,<br>Општини,<br>Средни училишта во град Скопје,<br>Основни училишта во град Скопје<br>Граѓански здруженија |

***<u>7.Програма за раководење, управување, финансирање и администрација</u>***

Програмата за раководење, управување, финансирање и администрација е поврзана со основната цел на управувањето - Да се воспостави и промовира одржливо управување со заштитен предел Водно.

Со цел да се обезбеди интегрирано и одржливо управување со заштитен предел Водно потребно е да се воспостави модел на зедничка соработка помеѓу Град Скопје, како надлежен субјектот за управување со заштитеното подрачје и другите засегнати страни. Сите засегнати страни треба да имаат изградено заеднички став во врска со спроведувањето на програмата.

Со цел обезбедување на ефикасно управување со заштитениото подрачје субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје потребно е да располага со оптимални човечки, технички и финансиски ресурси. Многу важен елемент за ефикасно управување со заштитениото подрачје е обезбедување на одржливо финансирање. Согласно Законот за заштита на природа средствата за заштита на природа се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа заштитеното подрачје. Приходи за заштитеното подрачје може да се отваруваат и од надоместоци за влез, посета и паркирање во заштитено подрачје, посета на посебни објекти и престој во заштитеното подрачје; надоместок за вршење на дејност или активност во заштитено подрачје; надоместок за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови и одржливо користење на природните ресурси, надоместок од екосистемски услуги и други извори (донации, грантови, кредити и др.)

Согласно член 13 од Одлуката за заштитен предел Водно и член 108 од Законот за заштита на природата предвидено е формирање на чуварска служба која ќе ја спроведува непосредната заштита на заштитен предел Водно. Истата ќе се формира по донесувањето на Планот за управување.

Со донесувањето на Планот предвидено е да се формира и Совет на засегнати страни и Научен совет како консултативни тела на субјектот.

За вработените од одделението надлежно за спроведување на Програмата предвидено е континуирано учество на работилници, семинари и обуки кои опфаќаат теми поврзани со заштитени подрачја.

| Програма за раководење, управување, финансирање и администрација<br>Планирани активности за 2023 година | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Спроведување на работилници, семинари и обуки за вработените и идната чуварска служба во Заштитен Предел Водно | Број на посетени работилници, семинари и обуки | Град Скопје, МЖСПП, МЗШВ, Надворешни експерти |
| Формирање на Совет на засегнатите страни и одржување на редовни седници | Формиран Совет на засегнати страни, Број на одржани седници на Советот на засегнати страни | Град Скопје, Совет на засегнати страни |
| Формирање на Научен совет и одржување на редовни седници | Формиран Научен совет Број на одржани седници на | Град Скопје, Научен совет |
| Формирање на Ренџерска служба | Формирана Ренџерска служба | Град Скопје, ЈП Паркови и зеленило |
| Изработка на Просторен план за Заштитен предел Водно | Изработен План | Град Скопје, МЖСПП, Агенција за планирање на просторот |
| Изработка на План за управување со Заштитен предел Водно | Изработен План | Град Скопје |

- ***Завршни одредби***

Оваа програма се донесува по претходно добиена согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање, а влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Град Сопје.

# Образложение

Правен основ за донесување на Предлог годишна програма за Заштитен предел – Водно е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 10 став 1 точка 2 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11) со кои се утврдува надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 12 од Одлуката за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V- заштитен предел („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.195/21), Град Скопје како управувач е должен да донесе План за управување со заштитен предел.

Согласно член 98 став 5 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/2016 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) до донесување на планот за управување субјектот кој управува со заштитеното подрачје подготвува годишна програма за заштита на природата во рок од три месеци од денот на прогласувањето на подрачјето за заштитено.

Програмата е изработена согласно член 5 став 2 од Правилник за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за

заштита на природата („Службен весник  на Република Македонија“ бр.21/12) и за истата е добиена согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Имајќи го во предвид горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Годишна прогртама за Заштитен предел – Водно.